studiorum
Центар за регионални истражувања и соработка
Никола Парапунов 66, комплекс Макотекс 1 кат
П.фах 484, 1000 Скопје, Република Македонија
тел./факс: + 389 2 3065 837
e-mail: office@studiorum.org.mk
www.studiorum.org.mk

9

**Право на безбедност**

Секој поединец има право да биде заштитен од штетите кои може да ги предизвика лошото функционирање на здравствениот систем, медицинска или лекарска грешка, како и право на пристап до здравствени услуги и лекување кои исполнуваат високи стандарди за безбедност.

10

**Право на иновации**

Секој поединец има право на пристап до иновативни процедури на лекување и дијагностика според меѓународните стандарди, независно од неговата економска или финансиска положба.

11

**Право на избегнување на непотребно страдање и болка**

Секој поединец има право максимално да ги избегне непотребното страдање и болка во секоја фаза на неговата/нејзината болест.

12

**Право на персонализирано лекување**

Секој поединец има право на дијагностички или терапевтски програми кои се максимално прилагодени на неговите/нејзините специфични потреби.

13

**Право на жалба**

Секој поединец има право на жалба за претрпена штета, страдање или болка, како и право на одговор односно фидбек.

14

**Право на надомест**

Секој поединец има право на доволен надомест во разумен временски период, во случај на претрпена физичка или морална и психолошка штета или страдање предизвикани од лекување или услуга во здравствениот систем.

European Charter of Patients' Rights
Active Citizenship Network

# Права на пациентите

studiorum

Заедничката здравствена и социјална политика на ЕУ, покрај разликите во националните здравствени системи, подеднакво ги третира правата на пациентите, потрошувачите, корисниците, членовите на семејството, ранливите групи и обичните луѓе изложени на ризик.

Преамбулата на Европската повелба за правата на пациентите вели

"Финансиските ограничувања, колку и да се оправдани, не го легитимизираат порекнувањето или компромитирањето на правата на пациентите."

Повелбата е основа на

# 14 конкретни права на пациентите

1
**Право на превентивни мерки**
Секој поединец има право на соодветна услуга во насока на превенција на било какво заболување.

2
**Право на пристап**
Секој поединец има право на пристап до здравствените услуги потребни за неговото/нејзиното здравје. Здравствените услуги мора да гарантираат еднаков пристап за сите, без дискриминација врз основа на финансиската состојба, место на живеење, видот на болеста или времето потребно за пристап до здравствените услуги.

3
**Право на информации**
Секој поединец има право на пристап до секој вид информација која има врска со неговото/нејзиното здравје, здравствените услуги и начинот на нивно користење, како и сите сознанија на науката и технолошките иновации кои се на располагање.

4
**Право на согласност**
Секој поединец има право на пристап до сите информации кои ќе му/и овозможат активно учество во донесувањето одлуки во врска со сопственото здравје; овие информации се предуслов за секоја медицинска процедура или третман и учество во научно истражување.

5
**Право на слободен избор**
Секој поединец има право на слободен избор меѓу расположивите процедури за лекување и здравствени работници, врз основа на соодветна информација.

6
**Право на приватност и доверливост**
Секој поединец има право на тајност на личните податоци и податоците во врска со неговото/нејзиното здравје, можната дијагноза или лекување, како и право на заштита на приватноста во текот на изведувањето на дијагностички испитувања, специјалистички посети и медицински/хируршки постапки воопшто.

7
**Право на почитување на времето на пациентот**
Секој поединец има право на потребно и навремено лекување. Ова право се однесува на секоја фаза од лекувањето.

8
**Право на почитување на стандардите за квалитет**
Секој поединец има право на пристап до квалитетна здравствена заштита заснована на прецизни стандарди.